Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 13.11.2021

На 12.11.2021 во 19.15 часот во населба Варош во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода С.Ш.(29), Џ.А.(28), Е.Ш.(30) и Џ.А.(30), сите од Прилеп, поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 и член 216 од Кривичниот законик. При извршен преглед кај нив, кај Џ.А.(30) била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2021 во 20.30 часот на место викано „База" во с.Мождивњак, кривопаланечко, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка ги лишиле од слобода Д.В.(27) и Д.И.(25), двајцата од с.Конопница, кривопаланечко, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2021 во 21.10 часот на локален пат за с.Ново Село, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Групчин го лишиле од слобода А.А.(35) од с.Церово, тетовско. При преглед во патничко возило „фолксваген" со тетовски регистарски ознаки, сопственост на друго лице, кое го управувал, биле пронајдени огревни дрва за кои немал соодветна документација. Возилото и дрвата биле одземени, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во периодот од 22.00 часот на 12.11.2021 до 01.00 часот на 13.11.2021 полициски службеници од полициската станица Гостивар извршиле акциска контрола во неколку угостителски објект во Гостивар. Притоа, во угостителски објект на улица „Илинденска", сопственост на Ф.Б. од село Добридол, гостиварско, била затекната Т.Р.М.(42) од Република Србија и било утврдено дека го злоупотребила туристичкиот престој во Република Северна Македонија. Таа била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе ѝ биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.11.2021) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 108 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42, девет санкции за возење без возачка дозвола, шест мерки за возење под дејство на алкохол, пет за минување на затворен сигнал (црвено светло), 30 мерки за непрописно паркирање.

На 13.11.2021 во 00.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јустинијан Први" во Драчево, Ј.Т.(36) од Скопје, управувајќи мопед „априлија" со скопски регистарски ознаки, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Ј.Т., констатирани во Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.11.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Димитрие Чуповски" во Скопје, патничко возило „фолксваген туарег" со бугарски национални ознаки, управувано од М.П.(63) од Италија, со постојан престој во Скопје, удрило во пешакот Т.К.(24) од Скопје. Во несреќата Т.К се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.11..2021 во 13.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.Ј.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Саса" неговата ќерка била касната од куче скитник.

На 12.11.2021 во 17.00 часот СВР Битола, Ј.В.(42) од Битола пријавил дека во двор на основно училиште на ул.„Стив Наумов" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (12.11/13.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 25 прекршоци.

На 12.11.2021 во 15.00 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп лишиле од слобода двајца малолетници (машко и женско), кои биле затекнати при извршување кражба во продажен објект на истата улица. Кај нив биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (13.11.) полициски службеници од СВР Тетово спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на територија на СВР Тетово, при што санкционирани се 128 возачи. Од нив, 60 возеле со брзина од над 50 километри на час повеќе од дозволената, а 11 со дури над 70 километри на час над дозволеното. 69 санкции се изречени на територија на Гостивар, а 59 на територија на Тетово.

На 12.11.2021 околу 19.00 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.Љ.(47) од Скопје. Тој се сомничи дека на 18.10.2021 во станбен објект на ул.„Лондонска" во Скопје одзел повеќе предмети. Тој бил приведен во полициска станица и во разговор со полициски службеници тој признал уште седум кражби кои ги сторил во периодот од мај до октомври оваа година во станбен објект на бул.„8-ми Септември" во Скопје, каде што одземал повеќе предмети кои подоцна ги продавал. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2021 во 16.00 часот на ул.„Борис Крајгер" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Б.П.М.(32) од Охрид затоа што физички ја нападнал неговата 41-годишна невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2021 во 16.20 часот на ул.„Никола Вапцаров" во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода В.Ѓ.(34) од Кочани затоа што физички ја нападнал неговата 58-годишна мајка. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2021 во Полициската станица Центар, воспитувачка од Јавната установа за згрижување деца пријавила дека нивните штитеници Ч.С.(15) и М.А.(14), двајцата од Скопје, се оддалечиле од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 12.11.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, М.С.(63) од с.Жеровјане, тетовско, пријавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу", поточно од Транспортен центар во Скопје се оддалечила неговата сопруга И.С.(46) од Република Албанија. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.11.2021 во 11.30 часот во с.Милетино, тетовско, полициски службеници од СВР тетово го лишиле од слобода С.Ѓ.(62) од с.Милетино затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (13.11.) полициски службеници од СВР Битола спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на територија на СВР Битола, при што санкционирани се 63 возачи. 18 санкции се изречени на територија на Битола, 19 на територија на Прилеп...

На 12.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека во 18.30 часот на ул.„Џон Кенеди", малолетник од Скопје бил физички нападнат од три лица, при што еден од нив со остар предмет му нанел повреда, а друг употребил и тврд предмет. СВР Скопје презема мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2021 во 12.00 часот во Полициското одделение Камењане, А.А.(39) од с.Градец, тетовско, пријавил дека околу 11.00 часот физички бил нападнат од И.И од с.Селце Кеч, тетовско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2021 во 21.07 часот во СВР Куманово, Ф.А.(38) од Куманово пријави дека предното ветробранско стакло на неговото патничко возило „бмв" со кумановски регистарски ознаки, кое било паркирано на ул.„драги Шутевски", било оштетено од залутано зрно. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.11.2021 во 06.40 часот во СВР Битола, Б.П.(33) од Битола пријавил дека околу 04.00 часот на ул.„Широк Сокак" во Битола физички бил нападнат од Д.„Н" и уште четири други, при што Д.„Н" употребил стаклен предмет и му нанел повреда. Се работи на расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против М.М.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство". Тој се сомничи дека во периодот од 05.11. до 11.11.2021 извршил кривично дело убиство врз неговата баба В.Б.(75) во нејзиниот стан на ул.„Никола Малешевски". Од страна на Судија на претходна постапка на пријавениот му е одредена мерка притвор.

На 12.11.2021 во 08.30 часот во Полициското одделение Чашка, Ј.О.(74) од с.Попадија, општина Чашка пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 12.11.2021 во 18.30 часот во СВР Битола, З.П.(27) од Битола пријавил дека на ул. „Виенска" две лица со закана му одзеле пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет